Врз основа на членовите 148, 149 и 150 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), членовите 2, 3, 4 и 5 од Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на РСМ” бр.120/20 и 144/21), Програмата за потребите од специјалистичките и супспецијалистичките кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) („Службен весник на РСМ“ бр.163/23) и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистичките и супспецијалистичките кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) („Службен весник на РСМ“ бр.254/23 и 28/25), Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**Второ дополнување на**
**Јавен оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација, односно супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година**

1. Се врши второ дополнување во точка 1 на јавниот оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација, односно супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година, кој беше објавен на ден 27.03.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ со следниот текст:

**17. ЈЗУ Клиничка болница -Тетово**

| **Специјализации** | | |
|---|---|---|
| 17 | Детска и адолесцентна психијатрија | 2 |

**70. ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје**

| **Специјализации** | | |
|---|---|---|
| 1 | Интерна медицина | 1 |

2. Останатиот текст од јавниот оглас за пријавување на кандидати за запишување односно одобрување на специјализација, односно супспецијализација на здравствени работници со високо образование од областа на медицината и здравствени соработници со високо образование за 2025 година, останува непроменет.

Барањето за одобрување на специјализациите, односно супспецијализациите заедно со комплетната документација се поднесува од страна на Јавната здравствена установа каде е вработен здравствениот работник, односно здравствениот соработник, приватната здравствена установа во која е вработен здравствениот работник односно од невработениот здравствен работник, во согласност со одредбите од Законот за здравствената заштита и Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на медицината, најдоцна во рок од 30 дена од денот на објавување на Огласот, до архивата на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ул. 50 Дивизија бр. 6, 1000 Скопје.

Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19,

275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.120/20 и 144/21) и листата на потребни документи за упис може да ги најдете на веб страната на Медицинскиот факултет www.medf.ukim.edu.mk.

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ